РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности
# за месец мај 2023

Јуни, 2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Содржина


Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ....1

Испит за административно управување....2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен....3

Соработка со други институции и меѓународна соработка....4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса....4

Јавни набавки....5

Реализација на буџет....6

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2023 година примени се 50 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 41 огласи, за вкупно 67 работни места за вкупно 67 извршители. За институциите од централната власт објавени се 16 јавни огласи за 21 работни места со 21 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 25 јавни огласи за 46 работни места со 46 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| 50 | / | 41 | | 16 | | | | | 25 | | | | |
| Работни места | | | 67 | | 2 | 13 | 6 | 21 | | 6 | 27 | 13 | 46 |
| Извршители | | | 67 | | 2 | 13 | 6 | 21 | | 6 | 27 | 13 | 46 |
| Број на пријавени кандидати | | | 326 | | 26 | 92 | 20 | 138 | | 25 | 111 | 52 | 188 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 32 | | 5 | 9 | 3 | 17 | | 9 | 24 | 7 | 40 |

*Табела 1. Јавни огласи мај 2023*

Во истиот период мај 2023 година спроведени се 34 административни селекции за пријавени 337 кандидати, спроведени се 32 испити на кои што се поканети 150 кандидати, од кои полагале 99 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 33 огласи за 124 кандидати. Интервју е спроведено на 33 огласи со вкупно 83 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 33 огласи и предлог за избор на 78 кандидати, а од 32 спроведени огласи објавени се вкупно 57 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати | | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| | | | поканети | полагале | | | | | | | | |
| 34 | 337 | 32 | 150 | 99 | 33 | 124 | 33 | 83 | 33 | 78 | 32 | 57 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи мај 2023*

Во Агенцијата за администрација во месец мај 2023 година примени се 28 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 28 огласи, за вкупно 66 работни места за 66 извршители. За институциите од централната власт објавени се 10 интерни огласи за 24 работни места со 24 извршители, институциите од локалната власт објавени се 18 интерни огласи за 42 работни места со 42 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">28</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">28</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>10</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>18</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>66</td><td rowspan="2"></td><td>13</td><td>10</td><td>1</td><td>24</td><td rowspan="2"></td><td>5</td><td>35</td><td>2</td><td>42</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>66</td><td>13</td><td>10</td><td>1</td><td>24</td><td>5</td><td>35</td><td>2</td><td>42</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи мај 2023*

# Испит за административно управување

Во текот на месец мај 2023 година спроведени се 10 испити за административно управување на кои се пријавиле 54 кандидати. Од нив на испитот се појавија 40 кандидати од кои испитот го положиле 36 кандидати (90%), а не го положиле 4 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 45 се вработени во јавен сектор, 6 во приватен и 3 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 54 | 40 | 36 | 4 | 45 | 6 | 3 |

*Табела 4. Административно управување мај 2023*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец мај 2023 година беа поднесени 70 жалби и приговори на административните службеници, од кои 50 жалби и приговори на државните службеници и 20 жалби на јавните службеници.

Во месец мај 2023 година, во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 9 седници, на кои беше одлучено по 49 жалби и приговори, од кои 43 жалби и приговори на државните службеници и  6 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 45 предмети од месец мај преминуваат во месец јуни 2023 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 43): одбиени се 15 жалби,  уважени 14,  мериторно уважени 3, отфрлени се 2 жалби, ненадлежност 8 жалби и 1 (една) жалба е мериторно одбиена.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 6): одбиени се 4 жалби, 1 (една) е уважена и 1 (една) жалба е отфрлена.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 50 | 20 | 43 | 6 | 14 | 1 | 15 | 4 | 2 | 1 | / | / | / | / | 8 | / | 3 | / | 1 | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во мај 2023*

## Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец мај 2023 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 18 предмети од кои 5 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 13 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Управен суд (2); Влада на Република Северна Македонија (1); Државно правобранителство на Република Северна Македонија (3); Народен правобранител (1); Град Скопје (1); Јавно претпријатие Градски паркинг –Скопје (1); Хелсиншки комитет за човекови права (1) и Административен службеник (3).

Во текот на месец мај 2023 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Презентација на тема: валидациска сесија за нацрт Профилот на родова еднаквост за Северна Македонија (Country Gender Equality Profile), Извештај за задоволството на вработените- покана UN Women;
- Настан-презентација на тема: Профил на родова еднаквост за Северна Македонија, GEF, 19.04.2023 година.

## Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 52 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 18 електронски пораки, неодговорена е 1, а за 33 електронски пораки е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец мај 2023 година донесени се 3 Одлуки за јавна набавка, објавени се 3 огласи на ЕСЈН, донесени се 3 Одлуки за избор и склучени се 2 договори за јавни набавки со вредност од 245.000,00 денари без ДДВ или 289.100,00 денари со вклучен ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 3 | 3 | 3 | 2 |

*Табела 6. Јавни набавки мај 2023*

Во месец мај 2023 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2023 година | Реализација на буџетот до 31.05.2023 | Реализација на буџетот од 01.05.2023 – 31.05.2023 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2023 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 23.988.000,00 | 9.044.183,00 | 1.983.073,00 | 14.943.817,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 8.872.000,00 | 3.517.156,00 | 771.199,00 | 5.354.844,00 |
| 414-капитални резерви-Купување на опрема и машини | 120.000,00 | 0 | 0 | 120.000,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 60.000,00 | 10.000,00 | 5.000,00 | 50.000,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.600.000,00 | 1.281.972,00 | 214.624,00 | 2.318.028,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 450.000,00 | 110.888,00 | 5.256,00 | 339.112,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 2.000.000,00 | 665.531,00 | 4.524,00 | 1.334.469,00 |
| 425-договорни услуги | 1.320.000,00 | 656.541,00 | 247.607,00 | 663.459,00 |
| 426-други тековни расходи | 400.000,00 | 88.995,00 | 1.735,00 | 311.005,00 |
| 464-разни трансфери | 186.000,00 | 65.016,00 | 0 | 120.984,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 680.000,00 | 595.350,00 | 595.350,00 | 84.650,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 2.440.000,00 | 1.325.882,00 | 0 | 1.114.118,00 |
| ВКУПНО | **44.116.000,00** | **17.361.514,00** | **3.828.368,00** | **26.754.486,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*